**20252384620**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД

Врз основа на член 18–в став (4) од Законот за безбедност и здравје при работа бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 и 30/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 18/20 и 74/25), министерот за економија и труд, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА БОДУВАЊЕТО НА АКТИВНОТО И ПАСИВНОТО УЧЕСТВО ВО ОБУКИТЕ ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СТРУЧНИТЕ ЛИЦА ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА И ФОРМАТА И ОБРАЗЕЦОТ НА ПОТВРДАТА ЗА СТЕКНАТИТЕ БОДОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ОБУКАТА ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на бодувањето на активното и пасивното учество во обуките за стручно усовршување на стручните лица за безбедност при работа и формата и образецот на потврдата за стекнатите бодови за учество на обуката за стручно усовршување.

Член 2

За стручното усовршување стручните лица за безбедност при работа ги добиваат следните бодови:

| Вид на стручно усовршување | Времетраење или количина | Бодови |
|---|---|---|
| Активно учество како предавач на обука во земјата | 1 тема | 20 |
| Активно учество како предавач на обука во странство | 1 тема | 20 |
| Пасивно учество како слушател на обука во земјата | 1 ден | 10 |
| Пасивно учество како слушател на обука во странство | 1 ден | 10 |

Член 3

Потврдата за стекнатите бодови за учество на обуката за стручно усовршување организирана во и надвор од Република Северна Македонија, се издава на образец кој се печати на хартија со бела боја со А4 формат, во три идентични примероци.

Потврдата од ставот 1 на овој член, е дадена во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на бодувањето на активното и пасивното учество во обуките за стручно усовршување на стручните лица за безбедност при работа и формата и образецот на потврдата за стекнатите бодови за учество на обуката за стручно усовршување („Службен весник на Република Македонија” бр. 41/14).

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 12-5677/1
21 ноември 2025 година
Скопје

Министер за економија и труд
**Бесар Дурмиши**, с.р.

Прилог

**Назив и седиште на организаторот:**

______________________________________________

______________________________________________

# П О Т В Р Д А

**за учество на стручна обука организирана во и надвор од Република Северна Македонија**

**Име и презиме на учесникот:**

______________________________________________

**Број на уверение за положен стручен испит на стручното лице за безбедност при работа:**

____________

**Место / Држава на одржување на обуката:**

______________________________________________

**Времетраење на обуката:**

______________________________

**Тема на стручната обука:**

______________________________________________

**Стекнати бодови:**

____________

**Датум и место:**

______________________

**Име, презиме и потпис на одговорно лице:**

______________________________